**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Архимедова 5, Скопје, Македонија
тел.: +389-02 324-9926 е-пошта: zoran@ukim.edu.mk
http://www.sctm.mk/

Почитувани,

во име на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ), чија Секција за хемиско образование е активен учесник во организација на натпревари и подготовки на ученици за меѓународни олимпијади, го поздравуваме внесувањето на поддршка за меѓународни натпревари во Нацрт-законот за основно образование (член 41). Имајќи го предвид искуството на СХТМ во подготовките и учеството на нашиот тим на Меѓународната јуниорска олимпијада за природни науки - International Junior Science Olympiad, IJSO (за ученици до 15 години) и Меѓународната олимпијада за хемија - International Chemistry Olympiad, IChO (за ученици од средни училишта) би сакале да дадеме прилог кон решението на проблемот со поддршката на учеството на нашите екипи на врвните светски научни олимпијади со укажување на некои не сосема применливи формулации во член 41 и со наши предлози за подобрување.

Предлагаме:

- во член 41, став (1) и (2)

„**прво, второ или трето место**“ секаде да се замени со „**златен, сребрен или бронзен медал или прва, втора или трета награда**“

Образложение - На ниедна од светските научни олимпијади не се доделуваат прво, второ и трето место, туку се доделуваат повеќе златни, сребрени и бронзени медали или први, втори и трети награди и тоа многу лесно може да се провери на веб страницата на било која од олимпијадите и тоа воопшто не ја намалува вредноста на наградите на врвен светски натпревар во знаење. Со формулирано во став (1) и (2) од член 41

- во член 41, став (1)

„**наставникот кој го подготвувал за натпреварот**“ да се замени со „**ментор/ите или водач/ите на екипата**“

Образложение - Менторите или водачите (еден, два или најмногу три) кои ја водат екипата на олимпијадата се оние кои работат и на подготовките и тие се оние кои добиваат и сертификат за ментор/и на олимпијадата. Тој треба да е документот кој потоа би се приложил за добивање на наградата од МОН доколку е освоен медал, а не некои изјави од директори/родители за тоа кој работел на подготовки. Со ова се остава можност ментор да биде не само наставник од училиште, туку и наставник или соработник од универзитет, како што е и најчесто случајот со подготовките и одењето на олимпијада заради комплексноста на содржините кои треба да се совладаат.

- во член 41, став (5)

нема потреба да стои „**храна и сместување**“, а наместо тоа да стои „**и подготовки**“.

Образложение - Со уплата на котизацијата за дефинираниот број на ученици и ментори (членови на екипата) за меѓународен натпревар-олимпијада, од организаторот е обезбедено сместување и храна. Но, затоа трошоците за подготовките не се никаде предвидени, а се реални трошоци за лабораториски прибор, супстанци, уреди, патување и сместување на учениците за време на подготовките, како и ангажирање на лаборатории, наставници и соработници за реализација на подготовките надвор од работното време.

**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Архимедова 5, Скопје, Македонија
тел.: +389-02 324-9926 е-пошта: zoran@ukim.edu.mk
http://www.sctm.mk/

---

- во член 41, став (5)

не треба да стои „**еден ментор**“ туку да биде „**неопходниот број на ментори утврден во правилата на соодветниот меѓународен натпревар**“

Образложение – бројот на ментори може да биде еден, два (најчесто) или три (таков е случајот со International Junior Science Olympiad). Овој неопходен број на ментори е регулиран во правилата за секоја олимпијада и тој податок е јавно достапен.

- во член 41, став (5)

делот „...**учество на по еден меѓународен натпревар кој се одржува во странство од областа за која се акредитирани**“ треба да се надополни и да гласи „**учество на по еден меѓународен натпревар кој се одржува во странство од областа и нивото на образование за кое се акредитирани.**“

Образложение - Здруженијата се акредитирани за натпревари во својата област во двете нивоа на образование - основно и средно и тие подготвуваат екипа за олимпијада за ученици од основно образование и екипа за олимпијада за средно образование. Така, здруженијата на физичари, хемичари и биолози заеднички подготвуваат екипа составена од 6 ученици и 3 ментори за International Junior Science Olympiad-IJSO (за ученици до 15 години), но секое здружение е акредитирано и за натпревари по својот предмет за средно образование и подготвува екипа за учество на престижната светска олимпијада за хемија, физика и биологија за средношколци, каде исто така учествува. Сметаме дека е неопходно да се поддржи учеството на по една олимпијада од секое ниво на образование за акредитираните здруженија бидејќи е непроценливо искуството кое учениците го стекнуваат со учество на олимпијада во основно образование за понатамошните учества на олимпијадите за средношколци и поддршката за меѓународни натпревари за основно и средно не треба да се исклучуваат меѓусебно, но да одат заедно.

-во член 41 да се **додаде став (6)**

„**За доделување на паричниот надомест од ставот (5) на овој член, Министерството објавува јавен повик на почетокот на годината, кој е отворен во текот на целата година и во кој е утврдено кои документи треба да ги приложи здружението како поткрепа на трошоците за котизација, пат и подготовки на екипата за меѓународен натпревар.**“

Се надеваме дека овие предлози ќе бидат земени предвид и дека конечно ќе се занимаваме со сериозни подготовки на македонските екипи за научните ученички олимпијади, а нема до пред самото тргнување да молиме за спонзорства за да може да појдеме на олимпијадата бидејќи МОН треба да биде главниот поддржувач на талентираните и мотивирани ученици, кои ја претставуваат нашата земја на врвните светски научни манифестации за млади.

Стоиме на располагање за секакви дополнителни прашања и консултации.

Срдечен поздрав,
Зоран Здравковски, претседател
Марина Стефова, раководител на Секцијата за хемиско образование,
Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија, web: http://sctm.mk/
(со седиште на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, УКИМ, Скопје)